# Промените Во Програмата За Бонови За Храна Им Овозможуваат На Повеќе Легални Имигранти Да Користат Помош

**Не сум државјанин на САД.  Може ли да добивам бонови за храна?**

- Може да ги исполнувате условите за добивање бонови за храна **сега** ако сте легален постојан жител и ако Вие, Вашиот брачен другар или Вашите родители имате работна историја во САД (во канцеларијата за бонови за храна ќе Ви помогнат да одредите дали имате потребен работен стаж).  Оние што дошле во САД како бегалци или некој вид имигранти имаат право да добиваат бонови.  Може да имате право да добивате бонови ако сте живееле легално во САД на 22 август 1996 год ***и*** (1) сте имале 65 години во тоа време (ако сте родени на или пред 22 август 1931 год.), ***или*** (2) сега примате инвалиднина, ***или*** (3) сега сте помлади од 18 години. Исто така може да имате право да добивате бонови за храна ако сте престојувале во САД во легално баран статус во период од 5 години.

**Какви промени се направени?**

- На 13 мај 2002 година Претседателот Буш потпиша еден закон наречен „Закон за обезбедување на фармите и рурално инвестирање од 2002 год." (Farm Security and Rural Investment Act of 2002) што им овозможува на повеќе луѓе што имаат ниски приходи, а не се граѓани, и на легалните имигранти да добиваат бонови за храна ако ги исполнуваат условите на Програмата за бонови за храна во врска со приходите и ресурсите.

**Од кога новиот закон стапува во сила?**

- Некои легални имигранти за кои важи законот од 2002 година ќе имаат право да добиваат бонови за храна уште од 1 октомври 2002, но повеќето нема да имаат право на бонови уште некое време. Информациите наведени подолу објаснуваат подетално кога се добива правото за добивање бонови.

Законот од 2002 год. дозволува легалните имигранти да добиваат бонови ако ги исполнуваат условите на програмата И тие кои:

- ✔ добиваат инвалиднина (на пример, SSI или Medicaid,  државно здравствено осигурување поврзано со инвалидитет) (оваа група има право да добива бонови од **1 октомври 2002 год.**);
- ✔ живееле во САД 5 години во легално баран статус (ова група има право да добива бонови почнувајки од **1 април 2003 год**.); или
- ✔ се помлади од 18 години и влегле во САД по 22 август 1996 год. (оваа група има право да добива бонови од **1 октомври 2003 год**.).

**Кои имигранти имаат легално баран статус за добивање на бонови?**

- Потребно е  имигранти да се законски постојани жители (иматели на зелена карта), бегалците, азилантите, оние што добиле одложување на депортацијата или изгонувањето, жителите на Куба и Хаити што се наогаат во САД, поединците што добиле условен престој во САД од INS (Immigration and Naturalization Service) за барем една година, условно влезените и одредени жртви на домашно насилство.

**Дали законот ги менува правилата за имигрантите кои што веќе имаат право на боновите?**

- Не. Секој што имал право да добива бонови порано има право и сега.

**Дали законот го продолжува правото на бонови за неамериканските државјани што се во земјата од хуманитарни причини?**

- Да. Како резултат на законот од 2002 година, веќе нема да има седумгодишно ограничување на боновите за храна за бегалците, азилантите, Амероазијците и жителите на Куба и Хаити. Од 1 април 2003 година овие кандидати имаат право на бонови ако се квалификуваат за програмата врз основа на приходот и ресурсите.

**Во рамките на Програмата за бонови за храна дали може да се одреди дека сум инвалид?**

- Не. Ако сте слепи или инвалидизирани, помошта мора да ја примате од одредена програма, на пример, од Medicaid – Државно здравствено осигурување.

**Може ли да добивам помош за моите деца кои што се државјани, дури и ако сум имигрант што нема право на бонови?**

- Да. Не мора да приложувате документи за себе кога поднесувате молба за Вашите деца или другите лица во Вашето домаќинство што имаат право на бонови. Меѓутоа, сепак ќе мора да покажете доказ за Вашите приходи и ресурси за да може службеникот да го одреди износот на помошта во бонови за храна за нив.

**Ќе ми наштети ли добивањето бонови за храна ако сакам да станам државјанин?**

- Не. Примањето бонови за храна не значи дека некој имигрант е „јавен трошок“ - што значи дека ниеден имигрант во САД нема да биде депортиран, нема да му биде забрането да влезе во земјата, да добие постојан статус или „зелена карта“ затоа што добива бонови за храна.

**Како може да поднесам молба или да добијам повеќе информации?**

- За да добиете бонови за храна, мора да пополните молба во Вашата локална канцеларија за бонови за храна, која што обично се наоѓа во рамките на локалната канцеларија на социјалните служби.
- За да добиете повеќе информации, јавете се во локалната канцеларија за бонови за храна која е наведена на сините страници во телефонскиот именик под „social services department“ или „welfare department“ или јавете се на националниот бесплатен телефонски број **1-800-221-5689**.
- На националниот бесплатен телефон има и оператори што зборуваат шпански.

***Боновите за храна ја прават Америка посилна.***

*УСДА (United States Department of Agriculture – USDA) не врши дискриминација при давањето услуги и вработувањето.*